ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА МАКЕДОНИЈА

2—3

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА МАКЕДОНИЈА

2–3

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

Год. II бр. 2—3, 1974—1977 година

СПИСАНИЕ НА ДРУШТВОТО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА ОД СРМ, СКОПЈЕ

Редакциски одбор:

Проф. Димче Коцо
Д-р Константин Петров
Д-р Коста Балабанов
Д-р Блага Алексова
Д-р Петар Миљковиќ—Пепек
Д-р Борис Петковски
Љубица Дамјановска

Одговорен уредник

Проф. Димче Коцо

Техн. уредник

Д-р Коста Балабанов

Јазична редакција

Илија Корубин

Зборникот се печати со средства на Републичката заедница за култура и Друштвото на историчарите на уметноста од СРМ

Адреса: Завод за заштита на спомениците на културата на град Скопје (за „Ликовна уметност")

Печати Граф. завод „Гоце Делчев", Скопје, Тираж: 1 000

# СОДРЖИНА

Стр.


Д-р Коста Балабанов: По повод шеесетгодишнината од раѓањето на професорот Томо Томоски — — — — — — — — — — — 3

Проф. Димче Коцо: Архитеткурата во Македонија од XIX век — — 5

Проф. д-р Константин Петров: Едно аналитичко согледување на концепциската менливост во ентериерите и амбиентите на париските дворци — — — — — — — — — — — — — — — 8

Д-р Штефка Цобељ: Борко Лазески — еден од учениците на Андре Лот во Париз — — — — — — — — — — — — — — — 15

Д-р Коста Балабанов: Студии од културно-историското наследство на градот Дебар и дебарската област (I) 1. Кога била градена малата црква посветена на св. Петка во Дебар — — — — — — — — — 29

Антоние Николовски: Еден новооткриен портрет од македонскиот сликар Димитар Андонов Папрадишки — — — — — — — — — 34

Д-р Борис Петковски: За научно-истражувачките цели на докторската дисертација: Никола Мартиновски 1903—1973 и методологијата применета за нивното решавање — — — — — — — — — 38

М-р Јован Петров: Портрет на Драгица — Автор Димитар Андонов (Конзервација на делото) — — — — — — — — — — — — — 46

Проф. д-р Блага Алексова: Ранохристијанската базилика во с. Крњево, кавадарско — — — — — — — — — — — — — 48

Трајан Витларски; Петар Миљковиќ — Пепек, Комплексот цркви во Водоча, (дел од проектот за конзервација и реставрација на водочкиот комплекс), Скопје, Републички завод за заштита на споменициte на културата — Скопје, 1975, 72 стр. 33 сл. XI сх. XXIX т. 54

Загорка Расолковска — Николовска: Иконата крштење Христово насликаа врз череп од сом — — — — — — — — 58

Соња Абаџиева Димитрова: Улогата и значењето на групата „Мугри“ за современата ликовна уметност во Македонија — — — 62

Петар Миљковиќ — Пепек: Научното творештво на Виктор Н. Лазарев е втемелено во една нова епоха за историјата на уметноста на византија (по повод веста за неговата смрт) — — — — — — — 71

Пабло Пикасо (25. X. 1881—8. IV. 1973) — — — — — — — — — — 76

Петар Лубарда (27. VII. 1907—13. II. 1974 — — — — — — — — — 77

Слободанка Парлиќ — Баришиќ и Љубица Дамјановска: Хронологија на настани од областа на македонските современи ликови и применети уметности (1973 од 16 ноември до 31 декември) — 79

М-р Јован Петров

# ПОРТРЕТ НА ДРАГИЦА — АВТОР ДИМИТАР АНДОНОВ

**(Конзервација на делото)**

Меѓу бројните дела од фреско живопис и иконопис изработени од познатиот зограф Димитар Андонов секако треба да го спомнеме и новооткриеното дело „Портрет на Драгица“, што претставува дел од неговиот опус.[1] Ова дело не е настанато по определените правила на иконографската вештина или прилагодување на техниката и материјалот кон тенденциите на зографските традиции, туку тоа е сликано непосредно, присно почитувајќи ја формата и обликот на моделот. Неговата непосредност и блискост во творештвото ја констатираме од материјалот на сликарската техника. Сликањето е изведено на негрундирано ленено платно, врз кое е нанесен слаб туткален раствор. Темно окерестите-зеленкави тонови што ги сретнуваме на задднината и светлите окерести тонови на лицето се нанесени со четка, а нивниот слој е толку дебел што одвај ја покрива подлогата.

Портретот претставува девојче сликано во тричетвртинска поза со малку издолжено лице, со нос правилен, со очи и веѓи добро моделирани, а усните убаво исцртани. Рамениците се слободно опуштени, вратот елегантно издолжен, а кусата коса со шишки спуштена над челото оддава лик на девојче во раната младст. Инкарнатот на лицето е светол, исечен со зеленкави тонови, кои преоѓаат во кафеави нијанси. Фустанот е едноставен во морнарски стил во темноцрвена боја, а сината јака е широка, свртена кон назад преку рамениците. Рабовите на јаката се ишрафирани со бели линии, а на градите завршува со панделка. Под неа се надѕира син пластрон исцртан со бели водорамни линии.

---

[1] Антонио Николовски — советник, историчар на уметност, во претходниот текст го образложува творештвото на зографот Димитрие Андонов со посебен осврт кон делото „Портрет на Драгица“, како и патот ка кој е дојдено делото за изведба на конзерваторските работи.

[2] Делото пред доаѓање во конзерваторската лабораторија беше свиткано во ролна, при отворањето боените слоеви пулверзираа и се ронеа во ситни делчиња. За оваа цел беше изготвен посебен метод на фиксирање кој е спроведен пред отворањето на платното.

Фактурата на материјалот како и нееднаквиот режим на одржување се услов за пропаѓање на ова значајно дело. Платното беше прекршено а потоа свиткано во ролна. По средината се наоѓаа најголеми оштетувања.[2] Лененото платно како носач на боениот слој беше толку слабо што не беше во состојба да ја поднесе силата на распнувањето на блиндрам. Нишките на конопното влакно беа тврди и кревки. На подлогата ѝ претстоеше брзо распаѓање што е услов на надворешните временски влијанија и невнимателно чување. Оваа состојба условуваше голема претпазливост во изведбата на конзерваторските работи со задача колку е можно повеќе да останат оригналните сликани површини. Како основно се постави прашањето на кои метод ќе се обработи ова толку оштетено дело. Испитувачките работи на бојата и подлогата покажаа дека за врзиво на бојата е земено ленено масло чија негрундирана подлога го впила, а со тоа и ја ослабила врзивната моќ на врзивото. Тоа толку се испостило што боените слоеви се одвојуваа во вид на прав. Туткалната подлога врз која беше нанесена бојата се двоеше од платното. Кревките нишки, испрекршеноста, валовитоста, големите вдлабнати и испупчени места налагаа да се работи врз делото со метода на воден раствор. Првото фиксирање на платното беше изведено со 0,2% желатински раствор, а откако го поставивме на рамна подлога и рамномерно го оптеживме од страните, поновно го фиксиравме со 2% желатински раствор. Кога сликаната површина беше налепена со танка оризова хартија која служеше како заштитно средство на бојата, тогаш од здната страна на платното можевме безбедно да интервенираме. На израмнетата превртена заднина започнавме со чистење на наталожената патина, нечистотии и места зафатени со мов, кое е извршено по механички пат. Оригиналното платно е распнато на рам поголем за 20 см. врз чија подлога е нанесено лепило.[3] Во овој рам е положено новораспнатото ленено платно препарирано со 3% желатински раствор.

Процесот на диплирање е извршен помоќу рентаулажна маса, а влагата во лепилото и платното е контролирана со влагометар. Дуплираното на платното е распнато на нов рам, а оштетените места се китирани.

Ретуширањето е изведено врз китираните и страпирани површини, а лакирањето по извршените конзерваторски работи.

Со конзервацијата на ова дело е спречен натамошниот процес на пропаѓање на фактурата и боените слоеви, добиена е целина на ликовно-естетските вредности од каде што може да се види непосредниот начин на сликање, а со тоа е заштитено уште едно значајно дело од творештвото на зографот Димитар Андонов.

---

[3] Во конзервацијата и препарирањето на платната постојат повеќе методи на работа што зависи од видот и оштетувањата на делата. Новоизготвената метода се базира врз основа на поливинил алкохол кој покажа задоволувачки резултати во еластицитетот на препарирањето на платната кон него му е придодаден желатин, поливинил ацетат, шкроб и неколку милиграма фенол. Позитивноста на ова лепило е во тоа што платното го прти нормално движењето на температурата и влагата, а се можни и нови конзерваторски интервенции на раслојување без да се оштети бојата на платното.